АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА (ОФМ)

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА И ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ

Скопје , 27.02.2023 година

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republiken e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 03-152/1
27.02 2023 год./viti
Скопје / Shkup

СКЛУЧЕН МЕЃУ

## АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

и

## ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА (ОФМ)

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

на Република Северна Македонија,

претставувана од

**д-р Љупчо Јаневски, директор**

и

ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА (ОФМ),

претставувана од

**Петар Јовановски, претседател**

Архивски знак 0304
Рок на чување 10 год.

со следната содржина:

## Цели на меморандумот

### Член 1

Целта на овој меморандум е развој на спортскиот туризам и заедничка промоција на Европското првенство во одбојка 2023 (мажи), натпреварите во група „Це“ ќе се играат во Скопје во период од **30-ти август до 6-ти септември 2023 година**.

### Член 2

### Планирани активности

Страните се согласуваат за координација на активностите и тоа:

1. Промоција на натпреварите во групата „Це“ (Македонија, Полска, Холандија, Чешка, Данска и Црна Гора) за претстојното Европско првенство во одбојка 2023, на социјалните мрежи на АППТ,
2. Целосна техничко логистичка поддршка којашто ќе биде обезбедена од страна на АППТ (промотивни материјали, брошури, флаери), кои ќе бидат доставени во хотелите и во арената „Борис Трајковски“,
3. Достава на видео материјали изработени од АППТ за времено користиње до Европската одбојкарска конфедерација (ЦЕВ),
4. Известување од стана на АППТ до соработници и туроператори од Полска, Холандија, Чешка, Црна Гора и Данска со цел да ги информираме за претстојниот спортски настан, доколку се заинтересирани да подготват туристички аранжмани за посета на

нашата земја во периодот кога ќе бидат натпреварите во група „Це“ за Европското првенство во одбојка 2023,

5. Активна промоција на достапни рекламни екрани и билборди со цел зголемување на бројот на туристи во периодот кога ќе се одржуваат натпреварите во група „Це“- Европското првенство во одбојка 2023,
6. Органзирање на туристичко информативен разглед на Скопје за странски новинари и спортски делегации коишто ќе земат активно учество во натпреварите во група „Це“- Европско првенство во одбојка 2023.

**Член 3**

**Координација и консултирање**

Договорните страни ќе поттикнат соработка и развој на спортскиот туризам не само за овој, последователно и за следни натпреварувања и спортско одбојкарски настани. Целта е на домашните и странските гледачи да им овозможиме целокупно уживање во елитна одбојка, а во тие рамки да им ја претставиме Македонија како атрактивна спортско-туристичка дестинација. Страните, исто така, периодично ќе се состануваат за да ги разгледат активностите во областа на спортскиот туризмот кој е практика многу интересна и е одлична мотивација за патување, луѓето се почесто патуваат за некој спортски настан на неколку дена и ги искусуваат туристичките понуди и атракции кои им ги нуди дестинацијата.

Секоја загриженост во врска со толкувањето, администрацијата или спроведувањето на овој Меморандум за соработка се решава преку консултации меѓу страните.

## Член 4

Потписниците на Меморандумот се должни да се грижат за угледот и доброто име на другата страна потписничка, доколку тоа не е во спротивност со прописите, како и да ги штитат заедничките интереси.

## Член 5

## Комуникација

Целокупната комуникација во однос на имплементацијата на активностите договорени во овој Меморандум ќе биде следена и развивана од следните контакти:

За Агенција за промоција и поддршка на туризмот:
- Име и презиме: **Дамјан Марковски**
- Тел.: 02 3 223 101
- e-mail: damjan.markovski@tourismmacedonia.gov.mk

За Одбојкарска федерација на Македонија:
- Име и презиме: **Тони Стојановски**
- Тел.: 076 313 183
- Е-пошта: tstojanovskia1@yahoo.com

Целокупната имплементацијата на активностите договорени во овој Меморандум ќе биде следена и подржана од директорот на Агенција за

промоција и поддршка на туризмот и Одбојкарската федерација на Македонија.

**Член 6**

**Решавање конфликти**

Сите разлики кои може да се појават од применувањето на содржината на овој Меморандум ќе бидат решени преку партнерски преговори на двете странки.

**Член 7**

**Одредби**

Овој Меморандум се склучува на неопределено време.

Двете договорни страни може еднострано да го раскинат овој Меморандум со достава на писмено известување до другата договорна страна, доколку другата страна не се придржува до одредбите на овој Меморандум и истиот ќе се смета за раскинат по истекот на 10 дена од приемот на писменото известување.

**Член 8**

Договорните страни се обврзуваат да обезбедат доверливост и сигурност на податоците кои се идентификувани како деловна тајна и да ги преземат сите организациско технички мерки за обезбедување и чување на личните податоци согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

Како деловна тајна согласно овој меморандум се сметаат:

- овој меморандум;

- сите податоци за вработените, просториите и средствата на двете договорни страни /како и да се дефинирани во меморандумот;
- настани кои се случиле кај двете договорни страни;
- податоци кои би можеле да ја компромитираат во јавноста која било од двете договорни страни.

По завршување на важноста на овој Меморандум одредбата за чување на деловната тајна и понатаму останува во важност.

**Член 9**

За сето она што не е регулирано со овој Меморандум за соработка ќе се применуваат одредбите од позитивните законски прописи.

Овој Меморандум е составен од два (2) истоветни примероци, по еден (1) за секоја договорна страна.

Овој Меморандум стапува на сила со денот на потпишување на двете договорни страни.

АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И
ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ
Директор,

д-р Љупчо Јаневски

ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Генерален секретар

Зоран Карановиќ